

Иако до пред 9 месеци не ни знаел каде е Македонија, Адам Кемп денес ужива во нејзиното срце, во сега неговото Кавадарци, обожава сарма, но и тренира напорно за да може да им се спротистави на паметниот Гечевски, силниот Чековски и високиот и со долги раце Луковиќ. Позитивен и искрен, високиот американец денес одговараше на вашите, но и на нашите прашања давајќи ни многу искрени и интересни одговори.

www.kavadar4e.com: Уште еден натпревар до крајот на регуларниот дел од сезоната. Веќе ги знаеш сите клубови во лигата, квалитетот на истата, па кои се твоите очекувања за суперлигашкиот дел од сезоната?

Адам Кемп: Да, играв против сите тимови во лигата и мислам дека имаме доволно јак тим, капацитет, квалитетни и талентирани играчи да ја освоиме. Сега кога имаме нови играчи во тимот ќе треба да продолжиме да играме заедно во наредните неколку денови, затоа што сите како индивидуалци имаме талент, способност и одредени квалитети, но ќе мораме да поработиме малку повеќе, на следните натпревари да играме кошарка како тим, едноставно како една целина и само така ќе имаме можност да ја постигнеме нашата цел и да направиме добар успех како за клуб така и за нашите фанови и подржувачи во градот и пошироко.

www.kavadar4e.com: Против кој играч ти е најтешко да играш? Гечевски, Чековски, Луковиќ?

Адам Кемп: Сите се одлични играчи. Гечевски и Чековски се многу искусни и од нив научив многу затоа што се преискусни и знаат да играат многу паметно и тоа го прави

дуелот со нив многу потежок. Чековски е доста силен, но иако сме ист тип на играчи тој знае да шутира од надвор. Луковиќ има екстремно долги раце. Таков тип на играч против кој сум играл е само Ентони Дејвис од Њу Орлеанс Хорнетс, и тоа е голема предност за него и тој максимално го користи тоа.

www.kavadar4e.com: Дали мислеше дека во Македонија има вака високо квалитетно ниво на игра?

Адам Кемп: Јас не знаев што да очекувам бидејќи немав ни слушнато за Македонија.

www.kavadar4e.com: Тогаш како одлучи да дојдеш во Македонија?

Адам Кемп: Мојата одлука за доаѓање во Македонија ја донесов благодарение на мојот поранешен тренер, а сега менаџер во Детроит Пистонс. Како добар познавач на работите во кошарката во целиот свет тој разговараше со мене, ми помогна да размислам и да го превземам овој чекор. Добив комплетна слика дека Балканот како регион е познат по продуцирањето на нови квалитетни кошаркари, од кои некој беа и познати имиња во Америка. Неговото влијание и совети беа клучни да одлучам и да дојдам овде. Сепак не зажалив ова е одлична можност и предизвик за мене.

www.kavadar4e.com: Очигледно е дека си направил добра одлука, но ајде да видиме што фановите на Фени сакаат да знаат за тебе. На самиот почеток имаме прашање од еден твој мал поддржувач кој сака да знае кога Адам Кемп порасна толку голем?

Адам Кемп: Интересно прашање. Јас не пораснав наеднаш, да речеме 5-6 инчи за една година. Секогаш бев висок и продолжував да растам секоја година по 1 или 2 инчи. Кога бев 9 одделение почнав да делам од останатите деца. Тие престанаа да растат, а јас продолжив да растам и додека бев во средно училиште.

www.kavadar4e.com: Кога почна да играш кошарка?

Адам Кемп: Почнав да играм клубска кошарка кога бев петто одделение, тоа е некаде на 11 години. Пред тоа имав желба и играв кошарка уште од моите 3 години, но тоа знаете беше повеќе детска игра, шутирање...

www.kavadar4e.com: Имаш премногу напорни тренинзи, па дали ти останува време и за други активности?

Адам Кемп: Да, имаме премногу тренинзи, но имаме малку време и за одмор, па за време на викендот излегуваме, преку ден одиме на кафе. Немаме премногу време, но заедно со момците од тимот правиме многу работи заедно, одиме на различни места...

www.kavadar4e.com: Дали го сакаш ноќниот живот во Кавадарци?

Адам Кемп: Поразличен е од американскиот, но забавно е и се забавувам тука.

www.kavadar4e.com: Дали веќе научи некоја македонска песна?

Адам Кемп: Не им ги знам имињата, но знам неколку, им го знам ритамот и веќе ги препознавам.

www.kavadar4e.com: Дали си среќен во Фени?

Адам Кемп: Да, апсолутно. Можам да кажам дека среќен сум со тимот, луѓето, едноставно целата заедница е супер, до сега имавме неколку порази, но во целост имаме добра сезона и супер ми е за прва година во Европа.

www.kavadar4e.com: Имаш двегодишен договор со Фени. Ја гледаш ли својата иднина овде?

Адам Кемп: Тешко е да се каже уште сега. Не знам точно, но ќе оставиме да покаже времето.

www.kavadar4e.com: Кое е твоето мислење за навивачката група „Лозари“?

Адам Кемп: Мислам дека се одлични. Јас бев премногу изненаден кога за прв пат дојдов овде и кога целата навивачка група дојде на тренинг. Никогаш не сум видел такво нешто. На колецот доаѓаат студенти, и знаат да бидат доста гласни, но ова беше многу повеќе од тоа, и навистина е многу забавно да се игра пред нив.

www.kavadar4e.com: Дали ја сакаш македонската храна?

Адам Кемп: Да, премногу ја сакам македонската кујна.Секое јадење овде е убаво само

по себе навистина, но моето омилено традиционално јадење е сарма. Јадев сарма на 8 или 9 различни места, и кога се вратив во Америка зимово бев во балкански ресторан да јадам сарма. Исто така сакам мусака, различни видови на месо и навистина уживам во јадењето. И секако го обожавам топлото чоколадо во Тајм Аут.

www.kavadar4e.com: Сака ли Адам да танцува?

Адам Кемп: Уживам во танцувањето, иако не го правам тоа добро. Сакам да излегувам и да се забавувам, па иако не сум премногу добар во танцувањето сепак го правам тоа.

www.kavadar4e.com: Твојата мајка беше овде. Колку нејзе и се допадна Македонија?

Адам Кемп: Премногу и се допадна, имаше шанса да види многу повеќе од тоа што јас имав можност да го видам во целиот период додека сум овде.Навистина е одлично искуство. Сепак навистина ја засака земјава, храната, луѓето. Имаше можност да отиде и до Грција на еден ден што претставуаше остварување на еден нејзин сон. Беше импресионирана од заедницата во целост, си помина многу убаво и беше премногу среќна за време на нејзиниот краток престој како и за шансата да види навистина како се живее тука.